[redacted]

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Архивски бр: 11- 10231/2- 2011
Дата: 24. 01. 2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ
ул. "Партизански одреди" бр. 62-2/19
Скопје

Предмет : Доставување на Решение

Врска : Ваш број 02–242 од 19.08. 2011 год.

Почитувани,

Согласно Вашето известување за намера за изведување на Проектот: "Топилница за олово и цинк Велес" во општина Велес со број 11-7578/1 од 26.08.2011 година и неговото дополнување со број 11-10231/1 од 18.11.2011 година, во прилог на овој допис Ви го доставуваме Решенито со кое се утврдува потребата од оцена на влијанието на проектот: "Топилница за олово и цинк Велес" во општина Велес.

Со почит,

Изготвиле: Влатко Цветаноски
Хусни Тачи

Проверил: м-р Зоран Бошев

Одобрил: Филип Иванов

**МИНИСТЕР**
**m-r Abdilaqim Ademi**

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Бр. 11-10231/2-2011

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Врз основа на член 81 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Со ова Решение се утврдува потребата од оцена на влијанието Проектот: "Топилница за олово и цинк Велес" во општина Велес, за потребите на инвеститорот "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ од Скопје.

2. Согласно точка 4 од членот 81 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011), по добивањето на ова Решение, должни сте до Министерството за животна средина и просторно планирање да поднесете дополнето барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина, согласно дополнетото известување за намерата за изведување на проектот со број 11-10231/1 од 18.11.2011 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

### *Образложение*

На ден 26.08.2011 година од страна на "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ од Скопје до Министерството за животна средина и просторно планирање стигна Известување за намера за изведување Проектот: "Топилница за олово и цинк Велес" во општина Велес со број 11-7578/1 по што следуваше и неговото дополнување со број 11-10231/1 од 18.11.2011 година.

Врз основа на доставената документација утврдивме дека инвеститорот "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ од Скопје има намера повторно да воспостави производство на олово и цинк користејќи ја локацијата, дел од опремата и инфраструктурата на веќепостоечката топилница за олово и цинк во Велес, која престана со работа во јули 2003. Проектот е планиран да биде со капацитет на производство од 100.000 тони сурови метали годишно. Во процесите ќе бидат користени 180.000 тони основни суровини и топители годишно, а процесите вклучуваат:

- Прием и складирање на суровини;
- Постројка за синтерување (агломерационо пржење) на ситнозрни концетрати;
- Постројка за производство на сулфурна киселина;
- Постројка со Imerial Smelting шахтна печка за редукција и топење на метали минерали;
- Рафинерија за цинк, за рафинирање на суровиот цинк од кондензаторот на шахтната печка;
- Рафинерија за олово, за рафинирање на сурово олово и сребро;
- Енергетски објекти (трафостаници, пумпни станици за процесна вода, котлара, машинска работилница);

Согласно Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011) и Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.74/2005), предложениот проект се наоѓа во Прилог 1 – Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијание врз животната средина, точка 4 – Инсталации за производство на сурови обоени метали од руда, концетрати или секундарни суровини, со металуршки, хемиски или електролитски процес, потребно е да се спроведе постпаката за оцена на влијанието врз животната средина.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

[redacted]

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина, во рок од осум дена од денот на објавувањето на решението.

Со почит,

Изготвиле: Влатко Цветаноски
Хусни Тачи

Проверил: м-р Зоран Бошев

Одобрил: Филип Иванов

**МИНИСТЕР**
**m-r Abdilaqim Ademi**

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk